,

# СЛУЖБЕ Н  Г Л А С Н И К

## НА

## ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА



| | | |
|---|---|---|
| **Службен гласник на Општина Крива Паланка**<br>**Издавач : Општина Крива Паланка**<br>**Излегува по потреба** | **Број 5**<br><br>**30.05.2025** | **Гласникот е бесплатен** |

Врз основа на член 32 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа („Службен весник на Р.М бр.61/04; 96/04; 67/07; 156/09; 47/11; 192/15; и 209/18 и „Службен весник на РСМ“бр. 244/19; 53/21; 77/21; 150/21 173/22 и 170/24), и член 14 став(1) точка 4 од Статутот на Општина Крива Паланка ( " Службен гласник на Општина Крива Паланка “ бр. 08/10; 12/10; 08/14; 02/18; 03/19; 08/21; 01/23; 05/23; 14/23; 05/24 и 09/24 “ ) , Советот на Општина Крива Паланка на 53 – та седница одржана на ден 29 .05.2025 година , донесе :

**О Д Л У К А**

**За усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Крива Паланка К1 , К2 и К3 за I Квартал за 2025 година**

**Член 1**

Се усвојува Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Крива Паланка К1, К2 и К3 за I Квартал за 2025 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила 8-от ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во „ Службен гласник на Општина Крива Паланка “ .

**Бр.09 –2973/3**
**29.05.2025 година**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став (1), точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 08 / 10 ; 08 / 14 , 02 / 18 ; 03/19 ; 08/21 ; 01/23 ;05/23 , 14/23,05/24 и 09/24), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Крива Паланка К1 , К2 и К3 за I Квартал за 2025 година**

1.Се објавува Одлука за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Крива Паланка К1 , К2 и К3 за I Квартал за 2025 година,што Советот ја донесе на 53-та седница, одржана на ден 29.05.2025 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –2973/4**
**30.05.2025 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 29 став 1 од Законот за финансирање на Единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ “ бр. 61/04 ; 96/04 ; 67/07 ; 156/09 ; 47/11 ; 192/15 и 209/18 и Службен весник на РСМ бр. 244/19 ; 53/21 ; 77/21 ; 150/21 ; 173/22 и 170/24) , член 36 од Законот за Буџетите ( „ Службен весник на Република Македонија “ бр. 64/05 ; 04/08 ; 103/08 ; 156/09 ; 95/10 ; 180/11 ; 171/12 ; 192/15 и 167/16 и ( „ Службен весник на РСМ“ 151/21) , и член 14 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Крива Паланка ( „ Службен гласник на Општина Крива Паланка “ бр. 08/10 ; 12/10; 08/14 ; 02/18 ; 03/19 ; 08/21 , 01/23, 05/23 ; 14/23 ;05/24 и 09/24 ) , Советот на Општина Крива Паланка на 53 - та седница одржана на 29 . 05 . 2025 година , донесе :

## ОДЛУКА

## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА БУЏЕТОТНА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА ЗА 2025 ГОДИНА

### 1.Општ дел

### Член 1

Буџетот на Општина **КРИВА ПАЛАНКА** за 2025 година , се состои од :

| | БУЏЕТ | РЕБАЛАНС |
|---|---|---|
| **I. Вкупно приходи** | **594.235.571** | **654.772.555** |
| Даночни приходи | 71.468.000 | 66.379.000 |
| Неданочни приходи | 18.965.000 | 18.545.500 |
| Капитални приходи | 51.849.464 | 57.138.464 |
| Приходи од дотации | 306.678.324 | 306.678.324 |
| Приходи од трансвери | 114.546.783 | 136.152.917 |
| Приходи од донации | 30.728.000 | 69.878.350 |
| **II. Вкупно расходи** | **614.681.935** | **678.629.892** |
| Од утврдени намени | 614.381.935 | 678.279.892 |

| | | |
|---|---|---|
| Расходи од резерви | 300.000 | 350.000 |
| **III. Дефицит** | **- 20.446.364** | **- 23.857.337** |
| **IV. Финансирање** | **20.446.364** | **23.857.337** |
| **Прилив** | **27.816.364** | **31.227.337** |
| Домашни задолжувања | 0 | 0 |
| Странски заеми | 0 | 0 |
| **Депозит** | **27.816.364** | **31.227.337** |
| **Одлив** | **7.370.000** | **7.370.000** |
| Отплата на главница | 7.370.000 | 7.370.000 |

**Член 2**

Приходите на Буџетот по видови на приходи се утврдени во билансот на приходи, а расходите по основни намени се утврдени во билансот на расходи.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „ Службен гласник на Општина Крива Паланка “ .

**Бр. 09 –2973/5** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**

**29 . 05 . 2025 година** **Претседател**
**Крива Паланка** **Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став (1), точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 08 / 10 ; 08 / 14 , 02 / 18 ; 03/19 ; 08/21 ; 01/23 ;05/23 , 14/23,05/24 и 09/24), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2025 година**

1.Се објавува Одлука за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2025 година,што Советот ја донесе на 53-та седница, одржана на ден 29.05.2025 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –2973/6**
**30.05.2025 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.05/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24 ), член 14 став (1) точка 39 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10, 12/10, 8/14, 2/18, 3/19, 8/21, 01/23, 05/23, 14/23, 05/24 и 9/24) и член 57 став (3) и (5) од Законот за социјална заштита („Службен весник на РСМ“ бр.104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22 и 65/23), а во врска со Програмата за социјална, детска и здраствена заштита на Општина Крива Паланка, Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на 29.05.2025 година, донесе

## П Р А В И Л Н И К

### за утврдување на постапката за остварување на „Право на додаток за домување на материјално и стамбено необезбедени лица кои се корисници на право на социјална парична помош односно гарантирана минималана помош“

**Член 1**

Со овој Правилник се утврдува постапката за спроведување на активноста за остварување на помош за домување на материјално и станбено необезбедени лица- корисници на гарантирана минимална помош (ГМП) од страна на жители на Општина Крива Паланка.

**Член 2**

Средствата за реализација на програмската активност од Програмата за социјална, детска и здраствена заштита „Право на додаток за домување на материјално и стамбено необезбедени лица кои се корисници на право на социјална парична помош односно гарантирана минималана помош“ ќе бидат обезбедени од Буџетот на Општина Крива Паланка.

Бројот на корисници кои ќе бидат опфатени со оваа активноста ќе зависи од предвидениот Буџет на Општина Крива Паланка за оваа активност.

**Член 3**

Обезбедувањето на социјална заштита преку „Право на додаток за домување на материјално и стамбено необезбедени лица кои се корисници на право на социјална парична помош односно гарантирана минималана помош“ ќе се врши преку исплата на

6.000 денари за трошоци за закупнина на месечно ниво.

**Член 4**

Финансиски средства од Буџетот на Општина Крива Паланка за трошоци за закупнина, ќе можат да ги користат лицата за кои во текот на постапката ќе се утврди дека имаат статус на „Корисници на гарантирана минимална помош (ГМП), материјално и станбено необезбедени лица кои живеат на територија на Општина Крива Паланка“.

**Член 5**

Категоријата на граѓани наведена во член 4 од овој Правилник, финансиските средства ќе можат да ги користат, односно ќе имаат статус на корисник на финансиски средства за трошоци за закупнина, доколку во текот на постапката се утврди дека ги исполнуваат критериумите од член 4 од овој Правилник.

**Член 6**

Заради докажување на фактот дека барателот на финанскиски средства за трошоци за закупнина од категоријата материјално и станбено необезбедени лица-корсници на гарантирана минимална помош (ГМП) ги исполнува критериумите утврдени со овој Правилник, потребно е кон барањето да ги приложи во вид на фотокопија следниве докази/документи:

- Барање;
- Лична карта ;
- Решение издадено од Јавна установа Меѓуопштински центар за социјални работи

  Крива Паланка којшто докажува дека лицето користи право на гарантирана;

  минимална помош;
- Договор за наем на стан/куќа;
- Активна трансакциска сметка.

**Член 7**

Барателите за финансиски средства за трошоци за закупнина, барањата со точно утврдените потребни документи ги доставуваат до Архивата на Општина Крива Паланка.

Утврдувањето на статусот на корисник на финансиски средства за трошоци за закупнина согласно поднесеното барање го вршат одговорните службени лица од Одделение за јавни дејности на Општина Крива Паланка.

**Член 8**

Сите корисници кои ќе се стекнат со правото на субвенционирање од член 3 од овој Правилник, се должни секој месец да потпишат Изјава со која ќе го потврдат нивниот статус (материјално и станбено необезбедени лица- лица кои живеат под закупнина) во Одделението за јавни дејности во Општина Крива Паланка

Во случај на непријавување на настанатата промена, Општина Крива Паланка може да ги укине финансиските средства за активноста „Право на додаток за домување на материјално и стамбено необезбедени лица кои се корисници на право на социјална парична помош односно гарантирана минималана помош“.

Општина Крива Паланка има право да го одбие барањето на подносителот или да го прекине финансирањето доколку при непосредниот увид во семејството утврди дека истото не остава впечаток дека има потреба од дополнителна финансиска поддршка.

**Член 9**

Право на додаток за домување на материјално и стамбено необезбедени лица кои се корисници на право на социјална парична помош односно гарантирана минималана помош ќе се применува сè до искористување на предвидените средства во Програмата за социјална, детска и здраствена заштита од Буџетот на Општина Крива Паланка.

**Член 10**

Овој Правилник стапува на сила со денот на неговото донесување, а истиот ќе биде објавен во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.09-2973/7**
**29.05.2025 год.**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**

**Крива Паланка** **Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став (1), точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 08 / 10 ; 08 / 14 , 02 / 18 ; 03/19 ; 08/21 ; 01/23 ;05/23 , 14/23,05/24 и 09/24), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Правилник за утврдување на постапката за остварување на „Право на додаток за домување на материјално и стамбено необезбедени лица кои се корисници на право на социјална парична помош односно гарантирана минималана помош“**

1.Се објавува Правилник за утврдување на постапката за остварување на „Право на додаток за домување на материјално и стамбено необезбедени лица кои се корисници на право на социјална парична помош односно гарантирана минималана помош“,што Советот ја донесе на 53-та седница, одржана на ден 29.05.2025 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –2973/ 8** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**30.05.2025 год.** **Градоначалник,**

**Крива Паланка** **Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24), член 57 став (3) и став (5) и член 306 став (2) од Законот за социјална заштита („Службен весник на РСМ“ бр.104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22 и 65/23) и член 14 став (1) точка 39 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10, 12/10, 8/14, 2/18, 3/19, 8/21, 01/23, 05/23, 14/23, 5/24 и 9/24), а во врска со Програмата за социјална,детска и здраствена заштита на Општина Крива Паланка за 2025 година, Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на 29.05.2025година, донесе:

**О Д Л У К А**

**за одобрување на финансиски средства за реализација на програмска активност**

**„Право на додаток за домување на материјално и стамбено необезбедени лица кои се корисниици на право од социјална заштита односно гарантирана минимална помош“**

**Член1**

Со оваа Одлука се одобруваат финансиски средства за реализација на програмска активност „Право на додаток за домување на материјално и стамбено необезбедени лица кои се корисниици на право од социјална заштита односно гарантирана минимална помош“.

**Член 2**

Средствата за реализација на програмската активност„Право на додаток за домување на материјално и стамбено необезбедени лица кои се корисниици на право од социјална заштита односно гарантирана минимална помош“, се обезбедени од Буџетот на Општина Крива Паланка за 2025 година во Програмата ЕО, ставка 471270, во вкупен износ од400.000,00 денари.

**Член 3**

Лицата кои уредно доставиле барање со потребна документација и го оствариле „Право на додаток за домување на материјално и стамбено необезбедени лица кои се корисниици на право од социјална заштита односно гарантирана минимална помош“ според Правилник за утврдување на постапката за остварување на помош за домување на материјално и станбено необезбедени лица- корисници на гарантирана минимална помош (ГМП) донесен од страна на Советот на Општина Крива Паланка ќе остварат месечно финансиската помош од 6.000 денари.

**Член 4**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 09-2973/9**
**29.05. 2025год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став (1), точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 08 / 10 ; 08 / 14 , 02 / 18 ; 03/19 ; 08/21 ; 01/23 ;05/23 , 14/23,05/24 и 09/24), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за одобрување на финансиски средства за реализација на програмска активност„Право на додаток за домување на материјално и стамбено необезбедени лица кои се корисниици на право од социјална заштита односно гарантирана минимална помош“**

1.Се објавува Одлука за за одобрување на финансиски средства за реализација на програмска активност„Право на додаток за домување на материјално и стамбено необезбедени лица кои се корисниици на право од социјална заштита односно гарантирана минимална помош“ ,што Советот ја донесе на 53-та седница, одржана на ден 29.05.2025 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –2973/10** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**30.05.2025 год.** **Градоначалник,**
**Крива Паланка** **Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02 и „Служнен весник на Република Северна Македонија„ бр.202/24) и член 14 став (1) точка 39 од Статутот на Општината Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10, 12/10, 8/14, 2/18, 3/19, 8/21, 01/23, 05/23, 14/23, 05/2024 и 09/24), а во врска со Програмата за социјална,детска и здраствена заштита на Општина Крива Паланка за 2025 година, Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на 29.05.2025година, донесе

**О Д Л У К А**

**за одобрување на финансиски средства на ОО Црвен Крст-Крива Паланка за реализација на програмска активност „Ваучер за купување на гардероба на лица корисници на услугата на Дневен центар за лица со интелектуална и телесна попреченост и лица во згрижувачки семејства евидентирани во ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работа-Крива Паланка“**

**Член1**

Со оваа Одлука се одобруваат финансиски средства на ОО Црвен Крст-Крива Паланка за реализација на програмска активност „Ваучер за купување на гардероба на лица корисници на услугата на Дневен ценатар за лица со интелектуална и телесна попреченост и лица во згрижувачки семејства евидентирани во ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи-Крива Паланка“.

**Член 2**

Средствата за реализација на програмската активност „Ваучер за купување на гардероба на лица корисници на услугата на Дневен ценатар за лица со интелектуална и телесна попреченост и лица во згрижувачки семејства евидентирани во ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи-Крива Паланка“,се обезбедени во Буџетот на Општина Крива Паланка за 2025 година во Програмата Е0, ставка 464990, во вкупен износ до 200.000,00 денари и ќе бидат префрлени на сметка на Општинската организација Црвен Крст-Крива Паланка.

**Член 3**

Се доделува ваучер за купување на гардероба на лица корисници на услугата на Дневен ценатр за лица со интелектуална и телесна попреченост и лица во згрижувачки семејства евидентирани во ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи-Крива Паланка. Ваучерот ќе изнесува 8.000,00 МКД за секое лице по доставено барање.

**Член 4**

Се дава согласност Одделението за финансиски прашања при Општина Крива Паланка да изврши трансфер на средствата од член 2 на оваа Одлука на жиро сметка на Црвен Крст-Крива Палнка, по претходно склучен договор со наведениот субјект.

**Член 5**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.09-2973/11**
**29.05.2025год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Изабела Павловска**

Врз основа на член 50, став (1), точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 08 / 10 ; 08 / 14 , 02 / 18 ; 03/19 ; 08/21 ; 01/23 ;05/23 , 14/23,05/24 и 09/24), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за одобрување на финансиски средства на ОО Црвен Крст-Крива Паланка за реализација на програмска активност „Ваучер за купување на гардероба на лица корисници на услугата на Дневен центар за лица со интелектуална и телесна попреченост и лица во згрижувачки семејства евидентирани во ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работа-Крива Паланка“**

1.Се објавува Одлука за одобрување на финансиски средства на ОО Црвен Крст-Крива Паланка за реализација на програмска активност „Ваучер за купување на гардероба на лица корисници на услугата на Дневен центар за лица со интелектуална и телесна попреченост и лица во згрижувачки семејства евидентирани во ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работа-Крива Паланка“ ,што Советот ја донесе на 53-та седница, одржана на ден 29.05.2025 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –2973/12** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**30.05.2025 год.** **Градоначалник,**
**Крива Паланка** **Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 202/24) и член 14 став (1) точка 10 и 40 од Статутот на Општината Крива Паланка („Сл.гласник на Општина Крива Паланка“ бр.08/10, 12/10, 08/14, 02/18, 03/19, 08/21, 01/23, 05/23, 14/23, 05/24 и 09/24), а во врска со Програмата за образование на Општина Крива Паланка за 2025 година бр.09-6043/3 од 06.12.2024 година, Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на 29.05.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за доделување на месечна субвенција на секој ученик кој ке се запише во прва година во СОУ „Ѓорче Петров“ Крива Паланка во учебната 2025/2026 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се доделува месечна субвенција за секој ученик кој ќе се запише во прва година во СОУ „Ѓорче Петров„ Крива Паланка во учебната 2025/2026 година.

**Член 2**

Месечната субвенција ке изнесува 2.000,00 денари и ке се исплаќа девет месеци на секој запишан редовен ученик во прва година во учебната 2025/2026 година.

**Член 3**

За остварување на правото на месечната субвенција од член 2 на оваа Одлука, ученикот е должен кон барањето да приложи потврда за редовно запишан ученик во прва година во учебната 2025/2026 година заверена од СОУ „Ѓорче Петров“ Крива Паланка (оригинал), фотокопија од еден од наведените документи (извод од матична книга на родени или важечка лична карта или важечка патна исправа за ученикот), фотокопија од активна трансакциска сметка за ученикот.

**Член 4**

СОУ „Ѓорче Петров“ се обврзува да доставува секој месец информација до Општина Крива Паланка за учениците од прва година кои се отпишале.

**Член 5**

За спроведување на оваа Одлука се задолжува Одделението за финансиски прашања при Општина Крива Паланка.

Средствата за исплата на месечната стипендија од членот 2 на оваа Одлука се обезбедуваат од Буџетот на Општина Крива Паланка Програма N2 расходно конто 464990.

**Член 6**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 09-2973/13** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**29.05.2025 година** **Претседател**
**Крива Паланка** **Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став (1), точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 08 / 10 ; 08 / 14 , 02 / 18 ; 03/19 ; 08/21 ; 01/23 ;05/23 , 14/23,05/24 и 09/24), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за доделување на месечна субвенција на секој ученик кој ке се запише во прва година во СОУ „Ѓорче Петров“ Крива Паланка во учебната 2025/2026 година**

1.Се објавува Одлука за доделување на месечна субвенција на секој ученик кој ке се запише во прва година во СОУ „Ѓорче Петров“ Крива Паланка во учебната 2025/2026 година ,што Советот ја донесе на 53-та седница, одржана на ден 29.05.2025 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –2973/14** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**

**30.05.2025 год.** **Градоначалник,**
**Крива Паланка** **Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 14 став (1) точка 10 и 39 од Статутот на Општината Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.08/10, 12/10, 08/14, 02/18, 03/19, 08/21, 01/23, 05/23, 14/23, 05/24 и 09/24), а во врска со член 63 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19, 229/20, 3/25 и 74/25), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на 29.05.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за утврдување на реонот на основните училишта „Илинден“ и „Свети Јоаким Крчовски“ од Крива Паланка**

**Член 1**

Со Оваа Одлука се утврдува реонот на ООУ „Илинден“ и ООУ „Св.Јоаким Крчовски“ од Крива Паланка кои се должни да ги запишат учениците од својот реон.

**Член 2**

Границата помеѓу двете основни училишта ООУ „Илинден“ и ООУ „Св.Јоаким Крчовски“ е долот во населбите Единство и Куков Дол.

**Член 3**

ООУ „Илинден“ го опфаќа реонот од границата наведена во член 2 и градските населби во правец на течението на Крива Река, како и подрачните училишта кои се во состав на ООУ„ Илинден“ и селата кои гравитираат кон подрачните училишта.

**Член 4**

ООУ „Св.Јоаким Крчовски“ го опфаќа реонот од границата наведена во член 2, градските населби во правец спротивен од течението на Крива Река, населба Лозаново како и подрачните училишта кои се во состав на ООУ „Св. Јоаким Крчовски“ и селата кои гравитираат кон подрачните училишта.

**Член 5**

Основните училишта се должни да ги опфатат учениците од својот реон, без исклучоци освен во случаи кога во училиштето на реонот нема услови за следење на настава на мајчин јазик, постои документација која го потврдува здравственото или психофизичкото здравје како основа за префрлање и кога училиштето има слободен капацитет и префрлањето е во интерес на детето, потврдено од центарот за ментално здравје.

**Член 6**

Со стапување во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за утврдување на реонот на основно училиште „Илинден“ и основно училиште „Св.Јоаким Крчовски“ од Крива Паланка бр.07-669/9 од 19.04.2006 година и бр.07-2173/21 од 26.08.2011 година.

**Член 7**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 09-2973/15** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**29.05.2025 год.** **Претседател,**
**Крива Паланка** **Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став (1), точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 08 / 10 ; 08 / 14 , 02 / 18 ; 03/19 ; 08/21 ; 01/23 ;05/23 , 14/23,05/24 и 09/24), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за утврдување на реонот на основните училишта „Илинден“ и „Свети Јоаким Крчовски“ од Крива Паланка**

1.Се објавува Одлука за утврдување на реонот на основните училишта „Илинден“ и „Свети Јоаким Крчовски“ од Крива Паланка,што Советот ја донесе на 53-та седница, одржана на ден 29.05.2025 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –2973/16** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**30.05.2025 год.** **Градоначалник,**

**Крива Паланка** **Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 22 став (1) точка 8 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 14 став (1) точка 10 и 40 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.08/10, 12/10, 08/14, 02/18, 03/19, 08/21, 01/23, 05/23, 14/23, 05/24 и 09/24 ), како и согласно Програмата за активности од областа на образование за 2024 година, бр.09-6043/3 од 06.12.2024 година,Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на 29.05.2024 година донесе

**О Д Л У К А**

**За доделување на стипендии за поддршка на млади таленти од Општина Крива Паланка**

**Член 1**

Со оваа Одлука се доделуваат четири стипендии за талентирани студенти за студиската 2025/2026 година и четири стипендии за талентирани ученици-средношколци за учебната 2025/2026 година од Општина Крива Паланка.

**Член 2**

Висината на стипендијата која се доделува на учениците и студентите наведени во член 1 од оваа Одлука ќе изнесува 3.000,00 денари месечно, а ќе се исплатува 9 месеци во студиската/учебната година, почнувајки од месец октомври заклучно со месец јуни.

**Член 3**

Општина Крива Паланка ќе објави повик за доделување на стипендии за поддршка на млади таленти за учебната 2025/2026 година, а начинот на аплицирање, роковите, условите, критериумите и постапката за избор и за доделување на стипендии се утврдени со Правилник бр.09-2150/15 донесен од страна на Советот на Општина Крива Паланка на седница одржана на 19.07.2021 година.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе биде објавена во Службен гласник на Општина Крива Паланка.

**Бр. 09- 2973/17**
**29.05.2025 год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став (1), точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 08 / 10 ; 08 / 14 , 02 / 18 ; 03/19 ; 08/21 ; 01/23 ;05/23 , 14/23,05/24 и 09/24), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за доделување на стипендии за поддршка на млади таленти од Општина Крива Паланка**

1.Се објавува Одлука за доделување на стипендии за поддршка на млади таленти од Општина Крива Паланка ,што Советот ја донесе на 53-та седница, одржана на ден 29.05.2025 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –2973/18** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**30.05.2025 год.** **Градоначалник,**
**Крива Паланка** **Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 22 став (1) точка 8 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 14 став (1) точка 10 и 40 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.08/10, 12/10, 08/14, 02/18, 03/19, 08/21, 01/23, 05/23, 14/23, 05/24 и 09/24), како и согласно Програмата за активности од областа на спорт за 2025 година бр.09-6043/7 од 06.12.2024 година, Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на 29.05.2025 година донесе

**О Д Л У К А**

**За доделување на стипендии за ученици спортисти во индивидуални спортови и ученици спортисти во екипни спортови кои учат во основните училишта на подрачјето на Општина Крива Паланка и средните училишта во Република Северна Македонија за учебната 2025/2026 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се доделуваат четири стипендии за ученици спортисти во индивидуални спортови и четири стипендии за ученици спортисти во екипни спортови кои учат во основните училишта на подрачјето на Општина Крива Паланка и средните училиште во Република Северна Македонија за учебната 2025/2026 година.

**Член 2**

Висината на стипендијата која се доделува на учениците наведени во член 1 од оваа Одлука ќе изнесува 3.000,00 денари месечно, а ќе се исплатува 9 месеци во учебната година, почнувајќи од месец октомври заклучно со месец јуни.

**Член 3**

Општина Крива Паланка ќе објави повик за доделување на стипендии за ученици спортисти во индивидуални спортови и ученици спортисти во екипни спортови кои учат во основните училишта на подрачјето на Општина Крива Паланка и средните училишта во Република Северна Македонија, а начинот на аплицирање, роковите, условите, критериумите и постапката за избор и за доделување на стипендии се утврдени со Правилник бр.09-4665/19 од 07.12.2022 година, донесен од страна на Советот на Општина Крива Паланка.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе биде објавена во Службен гласник на Општина Крива Паланка.

**Бр. 09-2973/19**
**29.05.2025 год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став (1), точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 08 / 10 ; 08 / 14 , 02 / 18 ; 03/19 ; 08/21 ; 01/23 ;05/23 , 14/23,05/24 и 09/24), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

## З А К Л У Ч О К

**за објавување Одлука за доделување на стипендии за ученици спортисти во индивидуални спортови и ученици спортисти во екипни спортови кои учат во основните училишта на подрачјето на Општина Крива Паланка и средните училишта во Република Северна Македонија за учебната 2025/2026 година**

1.Се објавува Одлука за доделување на стипендии за ученици спортисти во индивидуални спортови и ученици спортисти во екипни спортови кои учат во основните училишта на подрачјето на Општина Крива Паланка и средните училишта во Република Северна Македонија за учебната 2025/2026 година,што Советот ја донесе на 53-та седница, одржана на ден 29.05.2025 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –2973/20**
**30.05.2025 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 22 став (1) точка 8 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 14 став (1) точка 10 и 40 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. бр.08/10, 12/10, 08/14, 02/18, 03/19, 08/21, 01/23, 05/23, 14/2, 05/24 и 09/24), и согласно Програмата за активности од областа на образование за 2025 година, бр.09-6043/3 од 06.12.2024 година, Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на 29.05.2025 година донесе

**О Д Л У К А**

**За субвенциониран превоз на студенти за студиската 2025/2026 кои студират на државните универзитети во Скопје, а се жители на Општина Крива Паланка**

**Член 1**

Со оваа Одлука се доделуваат субвенции за (10) десет студенти за студиската 2025/2026 година кои студираат на државните универзитети во Скопје.

**Член 2**

Секој студент се субвенционира со два повратни месечни билети до државните универзитети во Скопје почнувајќи од месец септември заклучно со месец јуни.

**Член 3**

Превозот на студентите е со АДПТУ Пролетер АД с. Конопница Крива Паланка со кого Општина Крива Паланка има потпишано Меморандум за соработка бр.08-72/1 од 05.01.2018 година.

**Член 4**

Општина Крива Паланка ќе објави повик за доделување на субвенциониран превоз за студиската 2025/2026 година, а начинот на аплицирање, роковите, условите, критериумите и постапката за избор и за доделување на субвенциониран превоз се утврдени со Правилник бр.09-2874/21 од 29.07.2022 година донесен од страна на Советот на Општина Крива Паланка.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе биде објавена во Службен гласник на Општина Крива Паланка.

**Бр. 09-2973/21**
**29.05.2025 година**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став (1), точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 08 / 10 ; 08 / 14 , 02 / 18 ; 03/19 ; 08/21 ; 01/23 ;05/23 , 14/23,05/24 и 09/24), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

## З А К Л У Ч О К

**за објавување Одлука за субвенциониран превоз на студенти за студиската 2025/2026 кои студират на државните универзитети во Скопје, а се жители на Општина Крива Паланка**

1.Се објавува Одлука за субвенциониран превоз на студенти за студиската 2025/2026 кои студират на државните универзитети во Скопје, а се жители на Општина Крива Паланка ,што Советот ја донесе на 53-та седница, одржана на ден 29.05.2025 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –2973/22**
**30.05.2025 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 20-б став (1) алинеја 2 и 3 и став 2 од Законот за вработени во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19, 14/20 и 208/24), а во врска со член 36 став (1) точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 14 став (1) точка 10 и 40 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. .08/10, 12/10, 08/14, 02/18, 03/19, 08/21, 01/23, 05/23, 14/23, 05/24 и 09/24), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 29.05.2025 година

## О Д Л У К А

## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ЗА 2026 ГОДИНА НА ООУ „ИЛИНДЕН“ КРИВА ПАЛАНКА

Член 1

